АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 26.01.2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 10 | 318 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Контролен;
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифизно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово;
3. **Период опфатен со надзорот:** 18 јануари 2021 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 26 јануари 2021 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 100 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (*времетраењето на рекламирањето не смее да изнесува повеќе од 12 минути на еден реален час*);
6. **Претходно изречена мерка:**

*На 18.12.2020 година, за непочитување на членот 100 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – јавна опомена (Уп1. бр. 03-395 од 18.12.2020 година) на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово.*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на решението (23.12.2020 г.) да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово, емитуван на 18 јануари 2021 година, на локално ниво, **констатирано е дека радиодифузерот во целост постапил по решението за изрекување мерка - јавна опомена,** односно ја отстранил извршената повреда од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

8. **Опис на прекршувањето: /**
9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***